**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**
**Одделение за заурбанизам, архитектура, градежништво и заштитанаживотнатасредина**
**Бр.11-273/7**
**04.05.2023 година**
**Гевгелија**

Врз основа на член 45 став 13 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20), и Извештајот од спроведената постапка за избор на изработувач на урбанистичко планска документација - Детален Урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.1, Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

## ОДЛУКА
## за избор на изработувач на урбанистичко планска документација

Во постапката за избор на изработувач на урбанистичко планска документација - Детален Урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.1, Општина Гевгелијасо намена на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија, А1 домување во станбени куќи, Објекти со намена А и Б (домување, комерцијални и деловни објекти) и Објект со намена В4 државни институции и граница на плански опфат: на север, осовина на ул. „Новопланирана 3", на запад, ул. „Западна 1", на исток, „ул. „Кузман Шапкарев" и на југ, ул. „Никола Карев"**СЕ ИЗБИРА понудата на понудувачот Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје,**со понудена цена од 697,840.00 денари без ДДВ односно 823.451,20 денари со ДДВ и Динамика за изработкаод вкупно 60 работни ден.

Се задолжува Комисијата за спроведување на постапката за овој избор да ги извести понудувачите кои доставиле понуди по овој јавен повик.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Одлука, бр.11-273/1 од 05.04.2023 година,во информациskiот систем е-урбанизам и на веб-страната на Општина Гевгелијаобјавен е јавен повик бр.01/2023 за избор на изработувач на урбанистичко планска документација - Детален Урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.1, Општина Гевгелијасо намена на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија, А1 домување во станбени куќи, Објекти со намена А и Б (домување, комерцијални и деловни објекти) и Објект со намена В4 државни институции и граница на плански опфат: на север, осовина на ул. „Новопланирана 3", на запад, ул. „Западна 1", на исток, „ул. „Кузман Шапкарев" и на југ, ул. „Никола Карев".

До предвидениот рок за поднесување понуди 27.04.2023 година биле поднесени 2 (две) понуди.

Комисијата ги отворила пристигнатите понуди од понудувачите ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје и Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје и составила Записник од отворање на понудите бр.11-273/5 од 28.04.2023 година.

Комисијата потоа извршила евалуација на понудите и утврдила дека понудувачите ги исполнувале предвидените критериуми за способност предвидени во јавниот повик, по што согласно предвидените критериуми за избор на најповолна понуда била изготвена Ранг листа на која понудувачот Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, со понудена цена од вкупно 697,840.00 денари без ДДВ освоил вкупно 100 бодови (80 за цена и 20 за квалитет), а понудувачот ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје, со понудена цена од вкупно 979,695.00денари без ДДВ освоил вкупно 76,98 бодови (56,98 за цена и 20 за квалитет).

Комисијата изготвила Извештај од спроведената постапка и врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда и составената ранг листа, предлага понудата на понудувачот Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје,да биде избрана за најповолна понуда за изработувач наурбанистичко планска документација.

По разгледување на Извештајот од спроведената постапка, прифаќајки го предлогот на Комисијата, врз основа на член член 45 став 13 од Законот за урбанистичко планирање, одлучено е како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истата, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***